**Година 2005, септември, број 42**

# *Ф А К У Л Т Е Т С К И*

# *И Н Ф О Р М А Т О Р*

## ... АКТИВНОСТИ ...

Периодот на годишни одмори заврши. Испитната сесија е во тек, престои трет уписен рок, запишување на студентите во зимскиот семестар, почетокот на новата учебна година, реализирање на разни проекти и апликации. Да пружиме се од себе за успешено реализирање на сите планови и работни задачи.

## ПРВ СВЕЧЕН ЧАС

Во понеделник, трети октомври со почеток во 10 часот во Амфитеатарот на МФС со првиот свечен час ќе започне новата учебна година.

Сите заедно да ги дочекаме и поздравиме нашите идни колеги.

## УПИС

На МФС во прва година во учебната 2005/2006 во првиот и вториот уписен рок вкупно се запишаа 382 студенти. Од нив на академски студии се запишани 282 студенти, а на професионални студии 100 студенти.

Во третиот уписен рок има 5 слободни места во државната квота и 54 слободни места со кофинансирање на академските студии. На професионалните студии има 21 слободни места во државната квота и 29 слободни места со кофинансирање.

## ЗАПИШУВАЊЕ НА ТРЕТ СЕМЕСТАР

Запишувањето на третиот семестар за студентите спред КТС се спроведува на нов начин. Тоа се прави со презапишување на неположените предмети од прв семестар и запишување на предмети од трет семестар, за кој имаат услов. Секој од студентите врши избор на предмети во консултација и со одобрување на менторот.

## МЕМОРАНДУМ ЗА РАЗБИРАЊЕ И СОРАБОТКА

Во рамките на активностите на проектот MES CE спонзориран од e-BIZ и USAID, потпишан е меморандум за разби-рање и соработка со словенечкиот центар за равој на алати за обработка со деформација - TECOS Целје, Словенија.

Меморандумот е потпишан на ден 25.08.2005 година во Амбасадата на Р. Македонија во Љубљана Словенија.



Во рамките на таа соработка, на ден 23 септември 2005 година, во MES CIRKO Центарот при МФС ќе биде организирана Работилница со учество на експерти од Словенија, од областа на конструкција на алати за обработка со деформација.

При тоа цел на работилницата е:

- да се овозможи трансфер на напредни инженерски технологии во алатничарството во Македонија,
- можности за соработка со алатници во Република Словенија,
- пренос на искуството за развивање на партнерството и синергиски ефекти.

## ПОДГОТОВКА ЗА НАСТАВА

Во тек е подготовка на предавалните и лабораториите за одржување на наставата во зимскиот семестар. Во тој контекс Ве замолуваме за евентуални барања и забелешки околу нив да се обратите до продеканот проф. д-р Иван Мицковски. Во поглед на користење на Сметачкиот Центар Ве замолуваме да се обратите до раководителот, проф. д-р Татјана Кандикјан и да го доставите пополнет анкетниот лист кој веќе Ви е поделен.

## ДОКТОРСКИ СТУДИИ

Асс. м-р Виктор Стојмановски, успешно ја одбрани својата докторска дисертација на ден 08.07.2005.

***Искрени честитки и желби за понатамошно напредување во кариерата!***

## О Т С У С Т В А

1. Доц. д-р Валентина Гечевска, на 1 и 2 јули 2005 година оствари службено патување во Грција со цел реализирање работна средба со колегите од Аристотел Универзитетот од Солун, за соработка и аплицирање во европски проектни програми.

2. Доц. д-р Радмил Поленаковиќ, оствари службено патување во Австрија од 28 до 31 јули 2005 година со цел пред Австриската агенција за развој да го презентира проектот: "Основање на универзитетски центар за развој на нови бизниси при Машинскиот факултет во Скопје".

3. Проф. д-р Атанаско Тунески, во период од 7 до 11 септември 2005 година оствари службено патување во Грција со цел изработка на детален план на проектот од "Nato Science for Peace" со колегите од Аристотел Универзи-тетот од Солун.

4. Проф. д-р Тодор Аџиев и доц. д-р Ѓорѓи Аџиев, во период од 17 до 25 септември 2005 година остваруваат службено патување во Р. Бугарија, со цел нивно учество на меѓународна конференција.

## **КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК**

**22.09.2005**
**11 СЕДНИЦА НА ННС**

**ТРЕТ УПИСЕН РОК**

***Пријавување:***
***21.09.2005***

***Приемни испити:***
***Математика***
***23.09.2005***

***Физика, Техничка механика и јакост или Информатика***
***24.09.2005***

**03.10.2002**
**Амфитеатар на МФС**
**10:00 час**
**СВЕЧЕН ПРВ ЧАС СО НОВИТЕ СТУДЕНТИ**

**27.10.2005**
**12 СЕДНИЦА НА ННС**

***ИНФОРМАТОРОТ ИЗЛЕГУВА СЕКОЈ ПОСЛЕДЕН ЧЕТВРТОК ВО МЕСЕЦОТ И ПО ПОТРЕБА.***

**Техничко уредување:**

*Тони Манџуковски*
*Борис Рошков*